Архивски број: 05-24/2

Датум: 22.10.2025

**Објавено на веб-страната на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, https://ks.org.mk/ на 22.10.2025 година.**

Повик за доставување на понуди за графички дизајн на визуелен идентитет и промотивни материјали за потребите на проектот „Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE).

1. Цел на повикот

Проектот ќе развие одржлива платформа за кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија со што би се зголемил бројот на проектни апликации во LIFE програмата на Европската комисија.

Проектот се реализира во програмата LIFE-2024-TA CAP — LIFE „Проекти за техничка помош за градење капацитети на Европската извршна агенција за клима, инфраструктура и животна средина“.

Понудувачот треба да обезбеди техничка поддршка за графички дизајн на визуелен идентитет и промотивни материјали на Проектот „Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE).

.

2. Цел на проектот

Проектот „Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) има за цел да го зајакне ефективното учество на националните корисници во програмата LIFE. Ова ќе се постигне преку целни мерки за градење на капацитети за националните контакт точки, овозможувајќи им поефикасно да се ангажираат и да ги поддржуваат (потенцијалните) апликанти во подготовката и поднесувањето на предлози за проекти. Клучна компонента на оваа иницијатива е развојот на одржлива и сеопфатна дигитална платформа, LIFE MK eHUB, дизајнирана да обезбеди професионална, поедноставена поддршка за пристап и користење на средствата од LIFE. Општата цел е да се зголеми учеството во повиците за предлози и да се подобри целокупниот квалитет на поднесените апликации..

3. Спроведување на активностите и очекувани резултати

Со понудувачот ќе се склучи договор за графички дизајн на визуелен идентитет и промотивни материјали за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) на Центарот К&С Скопје, согласно динамиката на проектните активности. Испораката на договорените услуги ќе се одвива согласно утврдената спецификација за потребните услуги, како и според динамиката на проектните активности. Од понудувачот се очекува испораката на услугата дизајн на промотивните материјали да се реализира најрано во месец октомври 2025 година, а најдоцна до јануари 2026 година.

4. Начин на пријавување и избор

Заинтересираните кандидати треба да ги достават своите понуди по е-пошта ks@ks.org.mk  или на адреса

Центар К&С Скопје
ул. Даме Груев 14а,
1000 Скопје,
Македонија,

во затворен плик, со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“.

Дополнителни прашања заинтересираните понудувачи можат да достават до 19 декември 2018 година, на е-адреса: ks@ks.org.mk со назнака: Повик за понуди за графички дизајн на визуелен идентитет и промотивни материјали за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), или на телефон на Центар К&С Скопје или на телефоните +389 2 3 227 100, лице за контакт: Лихнида Стојановска Георгиевска, генерален секретар на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје.

Рокот за поднесување на понудите за графички дизајн на визуелен идентитет и промотивни материјали за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) е до 27 октомври 2025 година (понеделник), до 15:00 часот.

Скопје, 22.10. 2025 година

Претседател,
Проф. д-р Христина Спасевска